Совет на Општина Делчево
Број 09- 106/2
18.01.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 18.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 26.01.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 18.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 17.седница

1. Правилник за утврдување на начинот, условите, критериумите, постапката за доделување на еднократна парична помош;
   **Образлагач:** Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување.
2. Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година со Заклучок за усвојување;
3. Предлог-Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година;
4. Извештај за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2022 година на Општина Делчево со Заклучок за усвојување;
5. Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција за 2023 година на Општина Делчево;
   **Образлагач:** По точките 2,3, 4 и 5-Даниела Такева-Советник за односи со јавноста.
6. Извештај за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
   **Образлагач**: Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.
7. Мислење за Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ РСМ со учениците од трето одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
8. Мислење за Програма за изведување на дводневна екскурзија низ РСМ со учениците од шесто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
9. Мислење за Програма за изведување на тридневна екскурзија низ РСМ со учениците од деветто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
   **Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
10. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;
11. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делкчево за 2023 година;
    **Образлагач:** Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

12. Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година;
    **Образлагач:** Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
13. Акциски план за намалување на последиците од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост КОВИД период на локално ниво-Општина Делчево со период на имплементација 2023-2024 со Заклучок за усвојување;
14. Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево  и ромската заедница со период на имплементација2023-2026 со Заклучок за усвојување;
    **Образлагач:**Џулиета Мемедова- Самостоен референт за безбедност и здравје при работа.
15. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ„ М.М. Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето бр.09-2218/1 од 18.10.2022 година;
    **Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.
16. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-49/3 од 27.12.2022 година за отуѓување на ИТ опрема за преземање, транспорт и третман на електронски и електричен отпад на овластена компанија;
17. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-780/2 од 23.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;
    **Образлагач**: Татјана Стојковска--Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура.
18. Полугодишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување;
    **Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.
19. Предлог-Одлука за парична помош на Стефанија Сапаловска од с. Разловци;
20. Предлог-Одлука за парична помош на Верка Терзиска од с. Разловци;
    **Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.
21. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево;
    **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност;
22. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 18.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 18.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а записникот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Записникот од 17.седница беше усвоен.

Претседателот на Советот рече дека заради обврски на образлагачот на точката 21- **Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево**, како прва точка ќе биде образложена точката 21.

Горан Петровски им се заблагодари на претседателот на Советот и советниците за разборањето и истакна дека ова дополнување на Програмата за изработка на урбанистучки планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 се однесува на две иницијативи за урбанизација за поставување на фотоволтаични централи, односно во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши дополна и тоа поточно во глава Б. ,, Урбанистички проекти, во точка 7-Донесување-одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање, после подточката 7.21 се додаваат 2 нови подточки и тоа:
-Подточка 7.22 која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП 3961, КП бр.3962 и КП бр.3963, КО Ветрен, Општина Делчево;
- Подточка 7.23 која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП 1298, КО Тработивиште, Општина Делчево. Тој рече дека и двете иницијати се приватна инвестоција и ќе бидат финансирани целосно од приватни лица.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против-нема и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево;

**Прва точка-Правилник за утврдување на начинот, условите, критериумите, постапката за доделување на еднократна парична помош;**

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување која истакна дека во почетокот на 2018 година бил донесен Правилник за утврдување на начинот, условите, критериумите, постапката за доделување на еднократна парична помош за физички лица. Во средината на 2020 година се воведени нови мерки па согласно тоа биле направени измени на истиот правилник. Најголем дел од мерките кои биле предвидени во овие правилници, се пресликани и во денеска предложениот правилник. Потребата од донесување на нов правилник пред се е усогласување со новиот Закон за социјална заштита на кој се темели и воведот на самиот правилник, како и внесувањето на новите мерки од социјален карактер и консолидирањето на сите мерки во еден правилник. Таа рече дека во Буџетот на Општина Делчево за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат во вид на :

1. Еднократна парична помош за социјално загрозени лица;
2. Еднократна парична помош за болничко лекување;
3. Еднократна парична помош за смртен случај;
4. Еднократна парична помош за лица настрадани од природни непогоди;
5. Еднократна парична помош за новороденче;
6. Еднократна парична помош за прво новороденче;
7. Еднократна парична помош за прваче;
8.Еднократна парична помош на згрижувачки семејства и
9. Еднократна помош за урбани и месни заедници.

Во однос на мерките за парична помош на еднородителски семејства кој бил предлог на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, таа истакна дека е добар, но ќе биде вметнат во некоја наредна измена на Правилникот од причини што буџетот веќе е донесен и не се предвидени средства. Исто така мубаво е да се направи добра анализа за тоа кои лица да бидат опфатени со мерката, дали ќе се однесува само на самохрани родители или ќе биде опфатена поширока категорија бидејќи има лица кои се во многу полоша финансиска ситуација од лицата кои согласно дефиницијата во законот се самохрани родители, рече на крајот Ивана Ивановска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека таа како член на Советот и како член на Комисијата за еднакви можности го поднела ова барање од прчини што во досегашниот правилник и во правилникот кој им бил доставена на советниците по е-маил, оваа категорија на луѓе-еднородителски семејства не биле опфатени и затоа што оваа категорија на луѓе е ранлива категорија, нема да биде големо оптоварување на буџетот и би било во ред да бидат вметнати во самиот праваилник. Таа разговарала со лица вработени во Центарот за социјални работи околу потврдата што ја добиваат таквите лица и истакна дека потврдата за самохран родител не може да ја добие некој којшто не ги исполнува условите.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека кога се дава таков предлог треба да се кажат и изворите на финансирање и вкупната сума, колку сето тоа ќе изнесува. Тој имаше прашање до образлагачот дали претседателот на Месната заедница може да поднесе барање во име на друго лице, во случај лицето да е немоќно или болно.

Ивана Ивановска рече дека претседателот на Месната заедница може да поднесе барање од името на МЗ само доколку се работи за средства потребни за реализација на нешто што е од јавен интерес, а ако барањето на физичкото лице е за него лично, може да го поднесе како физичко лице лично.

Оливера Ташевска рече дека не се тие виновни што правилникот им бил доставен по донесувањето на буџетот и рече дека како член на Советот има право да поднесува предлози и барања за актите кои ги донесува Советот.

Ивана Ивановска рече дека за мерката за згрижувачките семејства средства се предвидени во новиот буџет, што се однесува до предлогот, тој е добар и прифатлив, но потребно е да се направи анализа со стручни лица од Центарот за социјални работи, а КЕМ да ги побара потребните податоци.

Оливера Ташевска рече дека советниците кога поднесуваат барања, поднесуваат и на барање на граѓаните, не се сите барања нивни, затоа треба да се вметне овој предлог во Правилникот, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека секој член на Советот (согласно член 21) од Статутот има право да дава предлози и иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот кои се во интерес на граѓаните. Советот не е само гласачка машинерија, а советниците не се само да креваат рака за веќе изготвени и договорени документи и акти. Тој ја цитираше содржината на е-маилот со кој на 11.01.2023 им бил доставен Правилникот, во кој пишувало дека Општината изготвила Правилник и дека советниците треба да дадат забелешки и предлози по истиот. Според него, тоа е лицемерно е да се бараат предлози кои нема да бидат прифатени, односно кога тој веќе е изготвен, а обврската на советниците е само да го изгласаат.

Претседателот на Советот рече дека не е спорно оти советниците имаат право да предлагаат, да поднесуваат иницијативи и барања, но сето тоа треба да биде усогласено

со одредбите во Законот, Статутот и Деловникот. Во таа смисла тој го цитираше член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа кој гласи:„Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат изворите и висината на средствата за нивно извршување“. Инаку, никој од советниците не е против предлогот оти е добар и е во интерес на посебна ранлива категорија. Бидејќи навистина буџетот веќе е донесен, а за тој предлог не се предвидени средства, тој предложи да се направи анализа да се одреди потребната сума за таа мерка и на некоја наредна седница дали со одлука за проширување, пренамена или ребаланс да се направи измена на Правилникот.

Иван Гоцевски рече дека  Советот е органот кој го донесува Правилникот и советниците имаат право да учествуваат во доделувањето на средства согласно Правилникот. Затоа тој предложи  дополнување на член 15 од Правилникот кој се однесува на Комисијата која ќе одлучува за доделување на средствата и предложи во неа да бидат и 2 члена од Советот (1 позиција и 1 опозиција). Тој побара од претседателот на Советот неговиот предлог да биде ставен на гласање.

Сашко Ивановски рече дека во Правилникот сите категории се непредвидливи и никој не може точно да ги предвиди, единствено средствата што се предвидени за првачињата. Затоа предлогот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ е во ред и треба да се прифати од причини што тоа не се многу средства и може да се направи и пренамена на средства. Исто така тој предложи, во Прваилникот да се додаде нов член 24 кој ќе гласи: „Да се изготви извештај за потрошените средства во 2022 година согласно овој Правилник“.

Ивана Ивановска рече дека во Извештајот за реализација на Програма за социјална заштита се наведени сите потрошени средства согласно овој Правилник и предвидените мерки во истиот.

Кирил Тренчевски го праша Сашко Ивановски, ако се прави пренамена на средства од Буџетор, мора да се знае износот и ставката од која треба да се земат средствата. Во врска со предлогот на Иван Гоцевски (за комисијата да има и членови на Совет-2) тој рече дека средствата што се доделуваат за меркиите предвидени со овој Правилник се доделуваат со решение кое го донесува градоначалникот и комисијата треба да биде од општинската администрација.

Претседателот на Советот даде пауза и ги повика координатирите на советничките групи да се договорат  и да ги усогласат предлозите пред да бидат ставени гласање.

*****

(пауза)

По паузата претседателот на Советот рече дека бил информиран од координаторите дека сите предлози се повлекуваат освен предлогот на Иван Гоцевски за измена на член 15-во Комисијата да се додат и 2 члена од Советот (1 позиција и 1 опозиција) како би имале увид во распределбата на средствата.

Предлогот на Иван Гоцевски за измена на член 15 беше ставен на гласање.

Истиот беше усвоен со 15 гласа „ЗА“.

На гласање беше ставен и Правилникот  за утврдување на начинот, условите, критериумите,  постапката за доделување на еднократна парична помош.

Истиот беше усвоен едногласно, т.е. со 15 гласа „ЗА“.

**Втора точка-Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Даниела Такева- Советник за односи со јавноста која истакна дека на дневен ред е Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година која била донесена на 5.седница на Советот на Општина Делчево. и оваа Програма е четврта по ред Програма донесена од Советот на Општината во која се предвидени настани и манифестации, дефинирани со календар и со предвидени активности. Исто така, во Програмата се предвидени и финансиски средства потребни за реализацијата на активностите.

Усвојувањето на Програмата која ја третира областа култура, значи сериозен пристап на Општина Делчево на темата култура, плански распоред на ресурсите и навремена подготовка на настаните за остварување на целите:

-Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Делчево;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Делчево;

-Презентирање и афирмирање творци и интерпретатори од областа на културата;

Активностите на Општина Делчево во областа на културата се во насока и за:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;

-Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;

-Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Македонија и
странство во Општина Делчево;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;

-Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

Доколку имате прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Оливера Ташевска која рече деке во извештајот стои оти за набавка на букети цвеќе за културни манифестации се потрошени 36.000 денари и според неа тоа се многу пари.

Даниела Такева рече дека во таа сума не се набавени само букети за културни манифестации туку се набавуваат икебани и букети за разни други настани на кои општината е домаќин, како и за набавка на букети за мајката на првото новороденче, за невестата на Пијанечко-малешевската свадба и др. Таа истакна дека Опшината секогаш набавува по 4 букети цвеќе (Градоначалник, Совет, ТППЕ и Здружение на борци), а исто така потенцираше дека и цената на букетите е покачена.

Иван Гоцевски рече дека и тие како партија купуваат букети и ја знаат цената на букетите. Во врска со потрошените средства за култура (251.621.00 ) тој направи споредба со Општина Пехчево каде за 2022 година потрошиле 1,1 милион денари или 8 пати повеќе од Делчево и рече дека оваа забелешка треба да се сфати сериозно.

Реплика имаше Кирил Тренчевски кој рече дека не треба да се прави споредба со Пехчево бидејќи таму средствата се од Министерството за култура, а не од Буџетот на Општината.

Контрареплика имаше Иван Гоцевски кој рече дека 585.000 денари се буџетски средства и споредбата со Пехчево е намерна бидејќи потрошените 251.621,00 денари се

малку и за културата во општина Делчево и треба да бидат предвидени и потрошени повеќе средства.

Даниела Такева рече дека ја прифаќа забелешката дека се малку овие средства за културата и истакна дека пред пандемијата со короната биле потрошени 1,5 милиони денари за културата за Делчевско лето, имало и голема поддршка од невладиниот и бизнис секторот, како и ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ и повеќе здруженија на граѓани. Таа истакна дека оваа година Советот на Општина Делчево скратило 100.000 денари токму од Програмата за култура.

Ели Ризова Ангеловска праша дали 10.000 денари за Ѕвегорска сурова се доволни?

Даниела Такева рече дека 10.000 денари не се доволни, но сепак се поддршка. Сите треба да бидат свесни дека Општината не може сама се да покрива. Треба и самото здружение кое се јавува како организатор на овој настан да се заангажира повеќе и да аплицира со проект за добивање на средства, рече таа.

Иван Гоцевски имаше забелешка во врска со манифестацијата Пијанечки денови на сливата или „Сливијадата“. Според него оваа манифестација неправедно е деградирана и тоа токму во нашиот Пијанечки регион каде само во атарот на Делчево се произведуваат околу 1000 тони слива. Според него тој настан заслужува поголемо внимание и треба да се развива со цел да се афирмира сливата како производ, да се привлечат посетители од регионот па и пошироко, и на тој начин да се помогне на производителите на сливата.

Даниела Такева рече дека манифестацијата не е деградирана туку иницијативата на општината е во нејзината организација да се вклучат здруженија на граѓани кои се занимаваат со тоа, но по објавениот повик, таа рече дека немало интерес кај граѓанските здруженија, односно не аплицирал никој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот на Советот ја затвори расправата и на гласање го стави Извештајот за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година.

Трета точка-Предлог-Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година;

Точката ја образложи Даниела Такева која рече дека Програмата за култура е подготвена во координација со Комисијата за организирање настани и културни манифестации во Општина Делчево, локални институции од областа на културата и граѓански здруженија со примарна дејност во областа култура. Програмата ги таргетира жените, мажите, момчињата и девојчињата од Општина Делчево. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Програмата предвидува и директна соработка со граѓанските организации, како и соработка, обединување и поддршка на сите локални институции кои работат на полето култура.

Програмата претставува рамка по која ќе се движи планирањето, организирањето на настаните и е флексибилен документ кој може да се надополнува со цел ефектна реализација и подобра понуда од областа на културата за граѓаните на Делчево. Воедно, во организацијата и реализацијата на Програмата активно учество ќе земат сите

институции од областа на културата во Делчево, граѓански здруженија кои работат во областа култура и културно наследство, како и поединци истакнати културни работници кои се партнери во Програмата и членови на Комисијата за одбележување настани и клутурни манифестации во Општина Делчево.Одговорни за реализација на Програмата се: Комисијата за организирање настани и културни манифестации во соработка со ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, КУД „Гоце Делчев“, ФГ „Копачка“, образовните институции во Општина Делчево и други институции и граѓански организации. Доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека ланската година образлагачот рекла дека Општината ќе се заложи за враќање на манифестацијата Гоцеви денови и праша дали биле преземени некои активности во врска со тоа и зошто и во оваа програма за 2023 година ја нема манифестацијата Гоцеви денови која била заштитен белег на Делчево како град? Дали може во Програмата за 2023 да се вметне оваа манифестација, праша тој?

Даниела Такева рече дека манифестацијата Гоцеви денови била во организација на едно здружение кое веќе неколку години не е активно, инаку за ликот и делот на Гоце Делчев во оваа програма е предвидено одбележување на неговиот роденден и одбележување на 4 мај како ден на неговата смрт. Гоцеви денови како манифестација како што се одбележувала порано, сметам дека во денешно време не може да се организира од повеќе причини, рече таа.

Иван Гоцевски ја праша Д.Такева како образлагач дали смета дека се доволни 680.000 денари за реализација на Програмата за култура за 2023 година?

Таа рече дека се согласува оти не се доволни тие средства и дека според неа програмата за 2023 година нема да се реализира 50%.

Сашко Ивановски рече дека општината треба да вложи максимални напори за манифестацијата Гоцеви денови, а Даниела Такева повтори уште еднаш дека за манифестацијата Гоцеви Денови треба да аплизира некое здружение на граѓани со проект. Што се однесува до Програмата за 2023 таа рече дека тоа е план и не значи дека истата не може да се менува или дополни и напомена дека е малце непријатно да се дистутира за средствата дали се доволни или не, кога истиот Совет на минатата седница скратил 100.000 денари од буџетот кои биле наменети за Програмата за култура.

Дејан Георгиевски се јави за збор и рече дека и ланската година и сега во врска со оваа точка се дискутира за манифестацијата Гоцеви денови и праша дали некој од советниците знае колку траела таа манифестација? Тој истакна дека манифестацијата била од меѓународен карактер и истата траелеа/се одвивала 3 месеци, започнувала во февруари, а завршувала првата недела во јуни, со тоа што во Делчево се одвивала завршната манифестација која траелеа 3 дена, а се одржувала и Во Австралија, Канада, Чехословачка итн. За нејзиното одржување се потребни многу парични средства и тој смета дека никогаш нема да може да се организира и одржи манифестацијата Гоцеви денови онака како што било во минатото.

Кирил Тренчевски праша дали доколку со ребалансот се вратат 100.000 денари во Програмата за култура, ќе се збогати културната понуда во Делчево за 2023 година?

Даниела Такева рече дека повеќе средства за култура значи и подобра понуда за граѓаните на Делчево.

Оливера Ташевска рече дека Гоцеви денови биле манифестација-заштитен знак на Делчево и затоа сите локални власти треба да се заложат за нејзино „враќање“.

Претседателот на Советот истакна дека за враќањето на сјајот на манифестацијата Гоцеви денови од минатото се потребни многу финансиски средства кои општината без поддршка на Министерството за култура не би можела да ги издвои, инаку би било добро да се најде начин и да се востанови повторно оваа манифестација.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 “ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година.

Четврта точка-Извештај за реализација на Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција за 2022 година на Општина Делчево;

И оваа точка ја образложи Даниела Такева-Советник за односи со јавноста која рече дека овој Извештај се однесува на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2022 година, (09-155/1 од 25.01.2022) која има за цел зајакнување на капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста кои како континуиран процес, овозможуваат двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи граѓани, но претставуваат и еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди. Освен Програмата, Општина Делчево во соработка со Регионалниот центар за застапување во текот на 2019 г има изработено и Стратегија за надворешна комуникација 2020-2024 што значително придонесува во стратешко и планско третирање на обврската за транспарентност и отчетност.Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за родова еднаквост ( и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013).Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, достапност на информации за работата на општината, достапност на програми за работа на општината, буџетските документи и сл. На крајот таа истакна дека заложбите и трудот вложени во оваа област претходните години, станале видливи и ги донеле првите позитивни резултати во 2019 г. етаблирајќи ја Општина Делчево на првите позиции по транспарентност, односно оценувајќи ја со оценка ‘многу добар’ во конкуренција со сите општини и институции во државата и дека овој тренд се одржува последните четири години.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја праша Д.Такева како образлагач, дали општина Делчево е транспарентна општина?

Даниела Такева рече дека транспарентноста и отчетноста на Општина Делчево преку веб-страницата за 2022 г. била цел на анализи и истражувања од повеќе релевантни институции. Според Центарот за граѓански комуникации активната транспарентност на Општина Делчево во 2022 година изнесува 88,6 % (од можни 100 %) со што Општина Делчево трета година по ред се пласира во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност што значи исполнување на обврските од 80 % до 100 %. Со овие бодови, општината се наоѓа на 23-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина по транспарентност во Источниот регион.

Ова е нотирано од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност, односно

според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини. Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата ’многу добра‘, оние со 60-80% во групата ’добра‘, институциите со 40-60% исполнетост во групата ’просечна‘, од 20-40% исполнетост во групата ’слаба‘ и од 0-20% во групата ’многу слаба‘ активна транспарентност.Таа рече дека секогаш може и подобро, но транспарентноста не зависи само од еден човек туку зависи од повеќе фактори (одделенија, сектори, раководители, локални институции и сл.)

Иван Гоцевски имаше една „сугестија“ како што рече тој до Центарот за граѓански комуникации во смисла да ја преиспита транспарентноста на општина Делчево која според нив е 88,6 % (од можни 100 %) при што истакна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ само во 2022 година има поставено 27 прашања на седница на Совет на кои нема одговор и 17 прашања доставени до службите и градоначалникот преку архива на кои исто така нема одговор. Дали е тоа транспарентност и каква е таа транспарентност, праша тој?

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа "ЗА" и 7 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција за 2022 година.

Петта точка-Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција за 2023 година на Општина Делчево;

Образлагач по точката беше Даниела Такева-Советник за односи со јавноста. Таа истакна дека комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди и претставува континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани. Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположливите капацитети на овој план.

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за жените и мажите, девојчињата и момчињата, жители на Општина Делчево.Успешните практики на планот на комуникацијата со јавноста, како и лоцирањето на критичните точки, каде е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности. Токму поради комплексната природа на активностите во областа на односите со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства. Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа. Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на

унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013). Оваа Програма се повикува и на новата Стратегија за родова еднаквост 2023/2026 на Општина Делчево, усвоена на Советот на Општина Делчево. Во интерес на времето, таа истакна дека нема повеќе да должи и ги повика советниците, доколку имаат да постават прашања во врска со Програмата.

Претседателот отвори претрес по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека неговите податоци како член на Советот, објавени на интернет страницата на општината, биле неточни и покрај тоа што 3-4 пати интервенирал.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“ Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2023 година на Општина Делчево;

<u>Шеста точка-Извештај за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година со Предлог-Заклучок за усвојување;</u>

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која на почетокот ги образложи појдовните основи за донесување на Програмата за социјална заштита, како и другите општински документи и акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита. Потоа таа даде краток опис на методологијата на истражување и буџетска анализа од родова перспектива. Конкретно за извештајот таа рече дека тој претставува родово буџетска анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 со акцент на маргинализирани заедници и со цел давање на препораки за унапредување на програмите и помош на одделенијата при креирањето на нивните програми за следната година. Реализацијата на посебните видови на социјална заштита во самата програма е поделена на 4 дела и тоа:

А. Социјална заштита на стари и изнемоштени лица, преку социјалната установа помош и нега во домот;

Б. Социјална заштита на лица со попреченост, преку услуги во заедницата-дневен центар за лица со посебни потреби;

В.Мерки и активности за невработени лица и

Г.Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица. За сите тие делови на страна 7,8, 9, 10 и 11 се дадени табеларни прегледи со детални податоци (активности, средства, податоци за родовата застапеност, како и заклучоци и препораки кои се дадени на последната страна. Доколку имате прашања, повелете истакна С.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која праша дали само 3 самохрани родители го искористиле правото за ослободување од партиципација за престој во детската градинка (страница 9 Табела Мерки и активности по основ на детска заштита)?

Сузана Петровска рече дека податокот е точен и дека навистина бројката е мала, но точна е. Мора малку да се анимираат/запознаат самохраните родители дека имаат такво право, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека Советот на Општина Делчево донел Одлука за парична помош на ФК „Брегалница" но до 31.12.2022 не се исплатени и праша зошто?

Сузана Петровска рече дека во Извештајот се ставени сите средства што по тој – трансфери до НВО и спортски клубови се исплатени до 31.12.2022. Зошто не се исплатени средствата на ФК „Брегалница" немам информација, рече таа.

Претседателот на Советот рече дека ако се анализира табелата-Приказ на ПСЗ за 2022 по ставки може да се забележи дека Општината потфрлила оваа година со поддршката на спортските клубови и невладините организации. Сите ставки што се прикажани во табелата се реализирани повеќе од планираното освен трансфери до НВО-и и спортски клубови каде од планирани 1.000.000 денари, а се исплатени само 202.000 (180.000 за спортски клубови и 20.000 денари за НВО-и) што е апсурд. Оваа година Општина Делчево мора да распише јавен повик за да НВО-и и спортските клубови аплицираат за средства кои доколку им бидат доделени треба да бидат и исплатени, истакна претседателот на Советот.

Сузана Петровска рече дека забелешките на советниците се во ред, а што се однесува до повикот, таа истакна дека тоа е најдобар и најтранспарентен начин за распределба на средства за спортските клубови и невладините организации.

Зекир Абдулов рече дека за НВО и средствата кои се доделуваат на нив е разговарано многу пати досега на седниците на Советот.
-Само 20.000 денари за невладиниот сектор е брука, срамота. Невладиниот сектор е потценет и понижен од страна на општината. Со 1 милион денари невладина организација може да обзбеди средства од 1 милион евра и значително да влијае на подобрување на условите за живот во една локална заедница. Со нераспишувањето на јавен повик, на седници на Совет се носеа одлики за спортски клубови само врз основа на едно барање (без никаква придружна документација) и без никаков отчет за потрошените средства. Општина Делчево треба да преземе одговорност за односот кон невладиниот сектор и оваа година, 2023 да се распише конкурс/јавен повик за невладините организации и спортските клубови, истакна Зекир Абдулов.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, рапрaвата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 година.

Седма точка-**Мислење за Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ РСМ со учениците од трето одделение од ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Маријана Стоименовска која истакна дека ученичките екскурзии се посебен облик на воспитно-образовната работа која се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. По 2-3 години пауза заради пандемијата, оваа година учениците ќе имаат можност да одат на екскурзија. Конкретно учениците од трето одделение ќе одат на еднодневна екскурзија до Скопје каде ќе го посетат аеродромот, потоа ќе ја посетат црквата Св.Спас,

Спомен куќата на Мајка Тереза, Зоолошката градина и ќе ручаат по што ќе се вратат во Делчево, а попатно ќе го посетат Вештачкото езеро кај Велес.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно -Мислење за Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ РСМ со учениците од трето одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Осма точка-Мислење за Програма за изведување на дводневна екскурзија низ РСМ со учениците од шесто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;**

Во врска со оваа точка Маријана Стоименовска заменик директор на ООУ „В.Прке“ истакна дека учениците од шесто одделение ќе одат на дводневна екскурзија низ Македонија при што првиот ден ќе го посетат Кавадарци, Стоби, Скопје (посета на Музеј на македонската борба, посета на Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, посета на Стара чаршија, посета на Скопско кале, а вториот ден ќе го посетат Римскиот Вијадукт, манастирот Јоаким Осоговски и Крива Паланка, Лесновскиот манастир и потоа се враќаат дома до 20.00 часот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно -Мислење за Програма за изведување на дводневна екскурзија низ РСМ со учениците од шесто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Деветта точка-Мислење за Програма за изведување на тридневна екскурзија низ РСМ со учениците од деветто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Маријана Стоименовска-заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека оваа година и учениците од деветто одделение ќе одат на тридневна екскурзија низ Македонија при што ќе ги посетат Прилеп, Небрегово, Крушево, , Битоа, Хераклеа, Битола и Охрид каде ќе ноќеваат. Вториот ден од Охрид заминуваат во вевчани, потоа се враќаат во Охрид и ги посетуваат Античкит театар, Плаошник и Самоиловата тврдина, Црквата Св, канео, манастриро Свети Наум Охридски и Бужилјанините извори, вечерта ќе имаат забава-маскенбал. Третиот ден заминуваат за дебар, го посетуваат манастирот „Свети Јиван Бигорски и потоа заминуваат во Скопје при што ги посетуваат Музејот на македонската борба и Спомен куќата на Мајка Тереза, имаат прошетка низ Стара чаршија и се враќаа дома во 21.30 часот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно -Мислење за Програма за изведување на тридневна екскурзија низ РСМ со учениците од деветто одделение од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;**

Оваа точка ја образложи Николина П.Мавродиева која рече дека оваа Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2023 година. Во неа се предвидени

1.Просторот -локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура
4.Извори на финансирање на Програмата
5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба
6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)
7.Динамика на извршување на Програмата
8.Останати активности

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против-нема и 1 глас „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2023 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Николина П.Мавродиева која рече дека со оваа Програма се предвидуваат следните активности:Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта, Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари и Редовно одржување на општинските патишта и улици, зимско и интервентно одржување. Сите предлози се во согласност со барањата на месните и урбаните заедници, како и согледувањата на секторот за урбанизам и програмата на градоначалникот за 2023 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече во Програмата за с.Разловци е предвидено изградба само на 1 улица и праша дали има одговор од ЈП за државни патишта и МТВ во врска со реконструкцијата на регионалниот патен правец во врска со кој таа поставувала советниќко прашања до градоначалникот, а од негова страна било одговорено дека тоа не е во негова надлежност, но дека Општината ќе побара овој патен правец да влезе во Програмата на Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта?

Николина П.Мавродиева истакна дека е во тек со прашањето на советничката и според информациите што таа ги има точно е дека општината побарала рекпнструкцијата на регионалниот патен правец Разловци-Митрашинци да влезе во програмата на ЈП за државни патишта, треба да се провери дали е вметнат како приоритет во нивната програма.

Сашко Ивановски праша за патот кон градската депонија кој исто така е регионален пат и рече дека истиот треба под итно да се реконструира. Тој рече дека можеби прво треба да се изработи техничка документација и финансиска конструкција и побара писмен одговор дали општината има доставено иницијатива за санација на овој патен праве до надлежните (ЈП за државни патишта и МТВ).

Николина П. Мавродиева рече дека и за истиот патен правец надлежно е ЈП за државни патишта, а дали општината има доставено иницијатива, нема информации.

Иван имаше забелешка на хоризонталната и вертикалната сигнализација и истакна дека на многу места сообраќајните знаци и информативни табли се паднати уште од невремето во јуни месец и се уште не се санирани. Исто така, долго време имаше

проблем и со единствениот семафор во Делчево, баш за време на празниците семафорот не работеше, дали општината преземала мерки за ставање во употреба на семафорите, праша И.Гоцевски. Во врска со Програмата за уредување на градежно земјиште, тој имаше забелешка дена на три места во Милково брдо, јавните зелени површини се запуштени, не се уредени, односно на 3 локации се обраснати со трева и грмушки ( на улиците„Браќа Миладиновци", Пере Тошев", „Питу Гули") и побара да се стават во функција.

Николина П.Мавродиева рече дека забелешката на советникот е во ред, но исто така истакна дека е забележана појава на намерно уништување на сообраќајните знаци (намерно буткање), од страна на Општината се преземаат мерки за санирање на истите, но точно е дека на повеќе места се уште не се санирани знаците. Што се однесува до семафорите, таа истакна дека станува збор з техника и тоа не зависи од општината. Кога има дефект веднаш се реагира од страна на општината, зависи што е дефектот, за колку време може да се набави делот и да се санира дефектот. Во врска со јавните зелени површини таа рече дека со Програмата за УГЗ за 2023 е предвидено уредување на јавните зелени површини на 2 локации („Питу Гули" и „Пере Тошев"), но кога не може да каже.

Иван Гоцевски имаше забелешки и за шахтите на повеќе места во населобата „Милково Брдо" и рече дека на повеќе места се пропаднати, на ул. „Браќа Миладиновци", како и на улицата над црквата во Први реон.

Претседателот на Советот, Гоце Попов имаше забелешки во врска со Прогтрамата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2023 година од само 3 листа, на која таксативно се наведени само патни правци и улици, каде нема ниту должина за општинските патишта и улоици, ниту потребни финансиски средства, ниту извори на средства. Не може Програма која според потребните финансии за нејзина реализација зафаќа поголем дел од буџетот, да биде на 3 листа без никакви конкретни податоци. Тој рече дека претходните програми кои биле разгледани на денешната седница се квалитетно изработени и се добар пример како треба да изгледа една програма и кои податоци мора да ги содржи. Апелирам до секторот и одделението за урбанизам во иднина да посветат поголемо внимание на изработката на оваа Програма, рече претседателот на Советот и праша зошто не се доставуваат извештаи за реализација на програмите кои произлегуваат од Секторот за урбанизам како што претходно било пракса, а во повеќе општини и сега е пракса и обврска доставувањето на извештаи.

Сашко Ивановски исто така имаше забелешка на изработката на оваа програма и рече дека ниту има извештај за претходно реализираното, ниту има должини (на патишта и улици), ниту има точен опис за која делница или крак се мисли.

Сунчица Ѓорѓиева праша дали ќе се реализира, т.е. изгради пешачката патека во Ѕвегорска Река што е предвидена со оваа програма во делот Б.реден број 7?

Николина П.Мавродиева рече дека во моментот не може да каже кога ќе се изгради пешачката патека.

Претседателот на Советот рече дека во иднина Одделението за урбанизам ќе мора повеќе да поработи и да посвети поголемо внимание на изработката на програмите кои произлегуваат од нивниот сектор/одделение. Исто така за 2022 година мора да се достави извештај за реализација на програмите, и за патишта и улици и за комуналии, мора да се знае што било пранирано, а што е реализирано и колку средства се потрошени од буџетот.

Николина П. Мавродиева рече дека извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2022 година е доставен до ЈП за државни патишта.

Претседателот на Советот рече дека Советот на Општината ги донесува програмите, а не ЈП за државни патишта и затоа до Советот треба да се поднесуваат извештаи за реализација на претходните.

Бидејќи никој друг не се јавуваше  за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2023 година;

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година;

Образлагач на оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека за успешно извршување на својата дејност, согласно Статутот на претпријатието на предлог на директорот се изготвува Програма за работа и развој на претпријатието. За што поуспешно остварување на целите на ЈП, ЈКП „Брегалница“ е организирана во 5 сектори и тоа: Сектор за општи и правни работи, Сектор за финансиии, сметководство и комерција, Сектор за водовод и канализација, Сектор за комунална хигиена и Сектор за градско зеленило и гробишта.Накусо беа образложени надлежностите на секој сектор посебно. Секторот за општи и правни работи оваа 2023 година ќе работи на усогласување на Статутот на ЈКП согласно измените на Законот за јавните претпријатија, како и на заштитата на правата на работниците од работен однос, како и побарувањата и правата на ЈКП. Секторот за финансии, сметководство и комерција во 2023 година посебно внимание ќе посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги. Со цел намалување на неприходованата вода во 2023 ќе се докомплетира процесот на очитување на водомерите со мобилни телефони и ќе се ажурира базата на податоци

Во оваа Програма во табела на страна 4 е дадена финансиската проекција на приходи и расходи за 2023 година кои се 13.931.228.00 денари.  Во Секторот за водовод и канализација главна активност за 2023 година ќе биде реализацијата на проектот за водоснабдување на Делчево и ставање во функција на новата пречистителна станица. Планирано е приклучување на Вирче, а во селата Габрово и Ѕвегор ќе се изврши целосна замена на примарната и секундарната мра со што во голема мера ќе се намали % на неприходованата вода. На страна 5 од Програмата има дадено табеларен преглед на водоводната дистрибутивна мрежа која тековно ќе се одржува според материјалот на цевките, на страна 6 преглед на приклучоци за вода и канализација по населени места, како и податоци на потршувачката на вода по потрочувачи (домаќинства и правни лица). На страните 7,8 и 9 се дадени сите планирани активности и задачи кои овој Сектор треба да ги заврши во 2023 година, како и инвестициите и потребните финансиски средства и изворите на средства.

Во Секторот закомунална хигиена во 2023 година се планира да се започне со собирање на комуналниот отпад и од преостанатите поголеми населени места Стамер, Вирче, Бигла, а ако има улови и Истевник, како и целосно покривање на услугата во селото Ѕвегор каде во моментот сите жители не ја користат услугата. Секторот за комунална хигиена во 2023 планира да набави нов трактор со приколка за собирање 18 на отпад. Планираните приходи се во износ 12.200.000, а расходите во износ 12.556.800. Се планираат и

инвестиции во износ 2.500.000 денари. Тој истакна дека во овој сектор во тебелата за планирани расходи има техничка грешка и дека на ставката 404 дел-расходи за резервни делови, наместо 150.000, треба да стои 1.150.000 денари. Тој истакна дека од планираните расходи се гледа дека тие се повеќе од приходите, треба да се истакне дека релаизацијата на ставката –расходи за резервни делови, никогаш не го надминува износот 1 милион денари, но се планира секогаш во поголем износ за да биде усогласен со планот за јавни набавки каде треба да се предвидат сите резервни делови за сите возила во случај на дефект да можат да се набават, рече тој.Во 2023 година, главен извор на средства во Секторот за градско зеленило ќе биде приходите од надоместокот за одржување на паркови и зеленило кој бил воведен во 2022 година, како и средства од Буџетот на Општина Делчево. Вкупнп планираните приходи во овој сектор се 9.016.000 денари, а расходите се планирани во износ 6.704.000. Планирани се инвестиции во износ од 300.000 денари (за набавка на косилки). На крајот директорот истакна дека сите средства кои се планирани на наведените активности ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево од средствата прибрани за уредување на градежно земјиште за 2023 година. Средства од Владата на РСМ и редовни приходи на ЈКП „Брегалница"-Делчево. Доколку имате прашања, повелете, рече С.Стојковски.

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која праша зошто во Програмата ги нема ставено вкупните расходи за 2022 година?

Директорот истакна дека оваа Програма е изготвена на 27.12.2022, а е усвоена со одлука на УО на 29.12.2022 година.Вкупните расходи за 2022 година, не се прикажани во оваа програма бидејќи се уште не е изготвен финансискиот извештај.

Оливера Ташевска праша за колку вработени во Секторот за градско зеленило и гробишта е предвидена набавка на ХТЗ опрема? (ставка 401). Таа исто така рече дека на потегот кај ООУ „Св.Климент Охридски" нема поставено канти за отпадоци и го праша директорот дали се планира набавка и поставување на канти?

Директорот рече дека во овој сектор се предвидува набавка на ХТЗ опрема за 13 вработени, а што се однесува до второто прашање, тој рече дека забелешката на советничката е во ред и дека канти за отпадоци ќе бидат набавени и поставени.

Марјанчо Велиновски праша дали е во ред во услови на енергетско- економска криза да се потрошат 500.000 денари за репрезентации?

Директорот рече дека во оваа ставка не влегуваат само средства за класична репрезентација, тука влегуваат повеќе трошоци кои советниците ќе ги видат во извештајот кога ќе биде на дневен ред.

Иван Гоцевски рече дека сумата предвидена за набавка на ХТЗ опрема е симптоматична и висока имајќи предвид дека ќе се набавува ХТЗ опрема за 13 вработени. Ако една чини 2.600-3.000 денари, тоа нема да биде ниту половина од предвидената сума 150.000 денари.

Директорот рече дека ХТЗ опрема се набавува секоја година и е различна, не е за сите вработени иста, зависи кој што работи. Инаку проекцијата за средствата се планирани согласно трошоците од претходната година и согласно податоците кои ги дале одделенијата и секторите

Претседателот на Советот рече дека секогаш на работниците треба да им се даде потребната заштитна опрема и облека, секој работник треба да го добие тоа што му е потребно при вршењето на неговата работа и за тоа не треба да се штеди. Апелирам до директорот, да не штеди на заштитна опрема, да се крати на непродуктивните трошоци,

а за зашитна опрема и облека секогаш треба да се предвидуваат повеќе средства.

Директорот на ЈКП рече дека се ќе зависи од цената што ќе се постигне на јавната набавка, од извештајот може да се види колку средства биле потрошени за таа намена, не значи дека сите ќе бидат потрошени.

Кирил Тренчевски истакна дека не треба да се штеди на заштитата на работниците. Што се однесуваа за расходните ставки од оваа Програма, тие не се на предлог на директорот туку, како што и самиот истакнал, се на предлог на вработените, односно од одделенијата и секторите.

Иван Гоцевски истакна дека дискусиите на советниците од СДСМ се популистички. Станува збор за 4 лица вработени во сектотот за градско зеленило и гробишта, а не за 13, не се сите вработени во тој сектор теренци. Во однос на финансиската проекција на приходи и расходи за 2023 во Секторот градско зеленило и гробишта, тој рече дека се планирани во износ 9.016.000 приходи и 6.704.000 расходи, разлика од 2.300.000, а во финансиската проекција на приходи и расходи во Секторот за комунална хигиена приходите се планирани во износ 12.200.000, а рсходите се планирани во износ 11.556.800, разлика/добивка од околу 700.000 или вкупно разликата од тие два сектори е 3 милиони денари. Финансиската проекција на приходите и расходите во Секторот водовод и канализација се 23.669.000 од вода, 7.462.000 од канализација и 420.000 други/вонредни приходи или вкупно 31.551.000, а расходите 23.070.000. Како самото јавно комуално претпријатие смета дека ќе има добивка од 12 милиони денари или кои менаџерски способности ќе ги преземе директорот кога последните финансиски извештаи покажуваа загуба од 1,5 милиони денари, праша Иван Гоцевски?

Претседателот на Советот имаше котрареплика на излагањето на Иван Гоцевски кој рече дека дискусијата на претседателот му била популистичка и рече дека спред координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ 150.000 денари за заштотна опрема на работниците во ЈКП се многу и истакна дека според него и советничката група на СДСМ се малку и треба да бидат предвидени уште повеќе бидејќи никогаш не треба да се штеди на заштитата на работниците и бидејќи за сите работници заштитната опрема не е иста туку е различна. Нема ништо популистичко во заштитата на вработените која треба да биде на прво место, тоа е обврска на секој работодавец, да ги заштити своите вработени на најдобар можен начин. Не се само 4 вработени теренци и и не се сите во исти одделенија рече претседателот на Советот.Ставот на координаторот на ВМРО ДПМНЕ е дека 150.000 за ХТЗ опрема се многу, а мојот ставе е дека не се многу и дека да бидат предвидени повеќе.Кај социјалдемократите работникот и негозата заштите се на прво место, ние се грижиме за вработенитеи нивната заштита. На исто мислење е и координаторот на советничката група на СДСМ и на директорот на ЈКП, ако Вие сте против овој став, тогаш Вие имате проблем, рече претседателот на Советот.

Контрареплика побараа Кирил Тренчевски и Иван Гоцевски. Откако претседателот му даде збор за процедурално на Иван Гоцевки, истиот му беше одземен бидејќи немаше повреда на процедурата. Потоа претседателот на Советот му даде збор-реплика на Кирил Тренчевски.

Кирил Тренчевски рече дека координаторот на ВМРО ДПМНЕ со итро извртување на фактите сакал поинаку да ја прикаже состојбата со проектираните приходи и расходи по сектори во ЈКП „Брегалница“ при што намерно заборава дека 2 сектора- Секторот за правни и општи работи и Секторот за финансии имаат само расходна страна, односно

немаат приходи. Во оваа програма е направен некој баланс помеѓу приходите и расходите на секторите, помеѓу оние кои имаат и приходна и расходна страна и оние кои имаат само расходна страна.

Иван Гоцевски имаше реплика на излагањето на координаторот на советничката група на СДСМ како и на одговорот на директорот на прашањето на Оливера Ташевска во врска со прашањето- за колку вработени во Секторот за градско зеленило и гробишта е предвидена набавка на ХТЗ опрема на што директорот одговорил дека е предвидено набавка на ХТЗ за 13 вработени, а потоа директорот истакнал дека се само 4 вработени кои се теренци. Во однос на приходите и расходите тој истакна дека во некои сектори се јавува разлика помеѓу приходите и расходите, односно расходите се поголеми од приходите.

Директорот истакна дека советникот Иван Гоцевски не го слушал убаво неговото излагање во кое тој истакнал дека на две места во програмата е направена техничка грешка кај планираните приходи-во финансиската проекција на приходи и расходи за 2023 година-кај набавка на метеријали треба да стои сума 3.300.000, а не 300.000. Исто така кај финансиска проекција на приходи и расходи за 2023 Сектор закомунална хигиена на ставка 404 дел треба да стои 1.150.000, а не 150.000 денари. Исто така во моето образложение јас кажав дека во 2 сектора нема приходи, има само расходи.

Иван Гоцевски праша дали во 2023 година согласно овие финансиски проекции ЈКП ќе има загуба или добивка?

Директорот истакна дека откако тој е директор ЈКП никогаш не било во загуба освен 2022 година и таа загуба е резултат на енормно високите сметки за електрична енергија и тоа е елаборирано досега неколкупати. Тој рече дека ако нема повторно енормно зголемување на електричната енергија се надева дека ЈКП ќе биде барем на „позитивна нула“.

Иван Гоцевски праша дали во 2023 ќе има покачување на цените на услугите?

Директорот одговори дека нема да има покачување на цените на услугите доколку не се покачи повторно цената на електричната енергија.

Претседателот на Советот Гоце Попов го праша директорот колкави биле сметките за струја пред покачувањето на цената на струјата, дали високите сметки се причина за негативниот финансиски резултат на ЈКП и колгав долг наследил директорот кога ја преземал функцијата во 2018 година?

Директорот на ЈКП рече дека само за месец август 2022 сметката за струја била 1.430.000 без диструбуција, а од 1 до 7 месец 2022 сметката била 1.100.000 денари. За септември 2022 била 700.000, за октомври 330.000, за ноември 290.000. Тој истакна дека во 2018 година кога станал директор наследил долг од 7,5 милиони денари, плус тришоци за камата и данок, или вкупно 9 милиони денари.

Иван Гоцевски рече на дневен ред е толка- Програма за работа на ЈКП за 2023, а не колкав бил долгот и какви биле сметките за струја.

Оливера праша колку пати годишно се набавува ХТЗ опрема за вработените во Секторот за градско зеленило и гробишта?

Директорот рече дека ХТЗ опрема се набавува по потреба.

Сачко Ивановски имаше забелешка на дискусијата на претседателот на Советот и рече дека не е коректно да се поставуваат сугестивни прашања до директорот на ЈКП, претседателот на Советот не треба да биде во функција на бранител на директорот на ЈКП и координаторот на советничката група на СДСМ и да се грижи да се задржи нивото на

дискусијата. Тој исто така истакна дека некои ставки/суми се предимензионирани и ја посочи ставката за мобилни телефони 112.000 денари кои според него се многу.

Претседателот на Советот рече дека и тој како и сите советници има право да поставува прашања до директорите и сите други коис е во својство на образлагачи. Тој праша дали злоупотребил нешто и дали тој акко претседател има право да поставува прашања.

Сашко Ивановски рече дека неогавата забелешка се однесува на тоа дека прашањата се сугестивни.Сунчица Ѓорѓиева праша дали ќе се изврши чистење на коритото на река Брегалница?

Директорот рече дека обврска на јавното претпријатие е да врши редовно чистење на коритото нна р.Брегалница во централното градско подрачје.
Иван Гоцевски праша дали ЈКП „Брегалница"-Делчево редовно ја одржува канализационата мрежа, има реакции од граѓани во „Жабарско маало", воблизина на пешачкиот мос, вееќеподолго време имало дефект на канализационата мрежа кој не бил саниран навреме и имало поплаки од граѓаните за излевање на фекалии?

Директорот ан ЈКП истакна дека не е точно тоа што го кажува советникот бидејќи на потегот за кој тој кажува и за кој имало реакции од граѓани за излевање на фекалии, воопшто немало канализација, туку таму имало дефект на водоводната линија. Дефектот е отстранет и санирана е водоводната линија.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ цело време дискутира за бројки, за износи што не е во врска со точката на дневен ред-Програма за работата на ЈКП. За бројки и суми треба да се дискутира кога на дневен ред ќе биде извештај за финансиското работење на ЈКП.
Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, распртавата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023 година;

**Тринаесетта точка-Акциски план за намалување на последиците од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост КОВИД период на локално ниво-Општина Делчево со период на имплементација 2023-2024 со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка имаше Џулиета Мемедова која рече дека во изминатиов период од еден месец имало доволно време за доставување на сите забелешки по однос на овој план кои ги имале советниците кога овие 2 точки биле на дневен ред. Конкретно за точката под реден број13, таа рече дека во смисла на подобрување на условите за учење на 17 ученици Роми од прво до деветто одделение во ПОУ"Св.Климент Охридски" во с.Тработивиште, се обезбедени9.970 евра и оваа активност ќе се реализира од февруари 2023 до декември 2024, а се однесува на реконструкција на тоалети за ученици и приклучување на фекална канализација на санитарните јазли Во врска со стратегијата таа рече дека се преговара за финансиски средства.

Зекир Абдулов се заблагодари на сите субјекти кои дале придонес за подобрувањето на квалитетот на овој документ, при што истакна дека во изминатиот перид биле одржани неколку состаноци со цел подобрување на Заедничкиот Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската заедница со период на имплементатција2023-2026. Тој рече дека и во оваа финална верзија на документот фалат некои приоритети, но ги има повеќе и се разбира не може сите да бидат прифатени. Тој

рече дека овој документ (на Заедничкиот Локален Акциски план на Општина Делчево  и ромската заедница со период на имплементација2023-2026) е многу важен за ромската заедница и дека треба да биде донесен. Тој имаше едно прашање до образлагачот кое се однесува на сумата од 1.900.000 денари кои во 2022 година биле наменети за социјална заштита на ромската етничка заедница и праша дали таа бројка е точна бидејќи Сузана Петровска во Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2022 навела податок за 657.000 денари за 184 корисници. Дали тие 657.000 се во тие планирани 1.900.000 денари?

Џулиета Мемедова рече дека податокот што таа го навела во документот е од раководителот на Секторот за финансиски прашања.

Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Акцискиот план за намалување на последиците од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост КОВИД период на локално ниво-Општина Делчево со период на имплементација 2023-2024.

**Четиринаесетта точка-Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево  и ромската заедница со период на имплементација2023-2026 со Заклучок за усвојување;**

Образложение и по оваа точка имаше Џулиета Мемедова која рече дека по доставувањето на сите забелешки и предлози во врска со овој документ изработена не конечна верзија. На почетокот ги образложи целите на програмата на Ромактед, како и начинот на изготвување на документот, методологијата и мерките и активностите преземени при изготвувањето на документот, а потоа се задржа на планираните цели и очекуваните резултати од имплементацијата на овој план. Таа рече и по усвојувањето на планот истиот може да трпи корекции и дополнуваеа, важно е да се постогне целта-подобрување на квалитетот на живеење наромската етничка зедница во општината.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Зекир Абдулов кој побара од образлагачот извештај за потрошените 1.990.000 денари за социјална заштита за ромската етничка заедница.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Заедничкиот Локален Акциски план на Општина Делчево  и ромската заедница со период на имплементација2023-2026.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ„ М.М. Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето бр.09-2218/1 од 18.10.2022 година**;

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој рече дека се менува одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ„ М.М. Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето бр.09-2218/1 од 18.10.2022 година од причини што по доделувањето на стипендиите една ученичка која добила општинска стипендија се откажала од истата бидејќи добила државна стипендија, а сите три ученички кои не добиле стипендија имале исти бодови. Затоа се предлага во претходно донесената одлука да се замени бројот 8 стипендии со бројот 11 стипендии.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ„ М.М. Брицо“ кои постигнале особено висок успех во учењето бр.09-2218/1 од 18.10.2022 година;

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-49/3 од 27.12.2022 година за отуѓување на ИТ опрема за преземање, транспорт и третман на електронски и електричен отпад на овластена компанија;**

Образлагач по оваа точка Татјана Стојковска--Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека се дава согласност на Одлука 02-49/3 од 27.12.2022година за отуѓување на ИТ опрема со превземање, транспорт и третман на Електронски и електричен отпад на овластена компанија на ЈЛБ,,Илинден,, Делчево , а донесена на Управен одбор. Одлуката е донесена согласно Записник бр. 02-49/2 од 27.12.2022година составен од Комисијата ЈЛБ,,Илинден,, Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-49/3 од 27.12.2022 година за отуѓување на ИТ опрема за преземање, транспорт и третман на електронски и електричен отпад на овластена компанија;

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-780/2 од 23.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;**

И оваа точка ја образложи Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека со оваа одлука се дава согласност на Одлука за расходување на компјутери, компјутерска опрема и електронски отпад на ООУ,,Св.Климент Охридски,,-Делчево бр.02-780/2 од 23.12.2022 год. донесена на Училишниот одбор на ООУ ,,Св.Климент Охридски“ Делчево. Одлуката е донесена согласно Записник бр. 05-778/1 од 22.12.2022 година составен од Комисијата за ИКТ на ООУ “Св.Климент Охридски,, Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-780/2 од 23.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

**Осумнаесетта точка-Полугодишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека во Извештајот квантитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата.

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси и сл.
- Ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови.
- Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училишен одбор, одделенски заедници, детска организација, и сл.
- Ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено корисна работа, уредување на училиштето.
- Ангажирање во реализацијата на програмата за соработка со општествената средина: соработка со родителите, соработка со општината, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта.
- Ангажирање во реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето.
- Ангажирање на стручните соработници и директорот во реализација на нивните програми.

Во него се дадени основни податоци за ЦОУ и ПУ, податоци за бројот на ученици, етничка и родова структура, наставите планови и програми, како и податоци за дополнителната настава, вонаставните активности, изборната настава, ученичките натпревари, оцнувањето (успехот на учениците) и редовноста на учениците. Доколку имате прашања, повелете, рече директорот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година.

Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош на Стефанија Сапаловска од с. Разловци;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот има доставено барање од страна на Стефанија Сапаловска од с. Разловци за лекување во странство, Турција. Кон барањето е доставена комплетна медицинска документација, како и сметки за авионски билети и фискални сметки за лекови. Претседателот предложи сума од 50.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево

Дваесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош на Верка Терзиска од с. Разловци;

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека оваа одлука е за парична помош на Верка Терзиска од с. Разловци. Средствата ќе бидат наменети за болничко лекување. Претседателот предложи износ од 15.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош на Верка Терзиска од с. Разловци;

**22.Прашања и предлози на членови на Совет.**

Иван Гоцевски, постави прашања до Градоначалникот на Општина Делчево и до Секторот за финансии и тоа:

1. Колку е износот на средствата што ги добила Општина Делчево од Владата на РСМ за раздолжувањето?
2. Зошто Градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски нема одредено приемен ден за странки/граѓани како сите други градоначалници?

**Иван Гоцевски, до до директорката на СОУ „М.М.Брицо“ и директорите на основните училишта:**

1. Колку нови клима уреди има набавено СОУ "М.М.Брицо"-Делчево;
2. Колку ученици се запишани и колку се отпишани во учебната 2022-2023

**Зекир Абдулов, даде предлог**

1. Да се стави улично осветлување на „Видое Смислиевски Бато“ на потегот од Текето кон другата улица.

**Оливера Ташевска, до овластениот инспектор за заштита на животна средина постави прашање и тоа:**

1. Дали надлежниот инспектор од Општина Делчево направил увид на опожарените места во Иственичкиот крај, бидејќи имало масовна сеча на опожарената дрвна маса од сомнителни фирми. Има реакции од граѓани дека покрај опожарената шума се сече и неопожарената зелена шума. Ако може да се достави извештај во кој дел е направено сечата и по кој Правилник е извршена таа сеча?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 18.седница заврши со работа во 16.30 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

Записникот го водела
Снежана Трајкова